РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 04-7959/
11 JUL 2018 20___ год.
СКОПЈЕ IV

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Министерство за труд и социјална политика**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број ___________
_________________година
Скопје

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 , 27/16 и 35/18), а во врска со член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/2018) Министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика бр.04-7280/2 од 26.8.2015 година, 04-7280/7 од 24.11.2015 година, 04-157/1 од 08.01.2016 година, бр. 04-4231/2 од 06.06.2016 година, 04-4850/2 од 04.07.2016 година, бр.04-5934/1 од 18.8.2016 година, 803/1 од 08.02.2017, бр.02-3676/1 од 19.6.2017 година, бр.02-4771/1 од 17.7.2017 година, бр.04-5056/1 од 25.7.2017 и 04-5431/1 од 27.7.2017 година и бр. 04-9415/1 од 7.12.2017 година бр. 04-1775/1 од 06.02.2018 година бр.04-4578/1 од 02.04.2018 година, бр.04-4599/1 од 02.04.2018 година и 04-6210/1 од 16.05.2018 година, IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точка 2 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, подточка 2.2 одделение за развој на човечки ресуруси , во работното место со реден број 31 шифра УПР 0101 Б 04 000 во звање раководител на одделение во делот вид на образование се додаваат зборовите " и правни науки"

### Член 2

IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точка 2 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, подточка 2.2 одделение за развој на човечки ресурси , во работното место со реден број 32 шифра УПР 0101 В01 000 во звање советник во делот вид на образование зборовите "политички науки" се заменуваат со зборовите "правни науки" .

Член 3

IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точка 2 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, подточка 2.2 одделение за развој на човечки ресурси , во работното место со реден број 35 шифра УПР 0101В04 000 во звање помлад соработник во делот вид на образование зборовите "економски науки" се заменуваат со зборовите "политички науки"

Член 4

Во глава IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точка 14 СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНСКИТЕ И ДРУГИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА во работното место со реден број 313 раководител на сектор за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата делот други посебни услови се менува и гласи :

"- да поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

- има пет години работно искуство во областа на социјалната заштита

- лиценца за инспектор од областа на социјалната заштита "

Воедно во делот работни задачи и обврски на работното место со реден број 313 после алинеја 9 се додава нова алинеја која гласи: "- врши инспекциски надзор"

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број

.07.2018 година

Скопје

МИНИСТЕР,

Мила Царовска

Изработил: Маја Стојановска